СТОПАНСКА БАНКА АД - СКОПЈЕ
членка на NBG групацијата
На ваша страна

# ИЗВЕШТАЈ на прашања и одговори како и за резултатите од гласањето на 57-то Собрание на акционери на Стопанска банка АД – Скопје

На 28.05.2026 година се оддржа 57-та седница на Собранието на акционери на Стопанска банка АД – Скопје.

Согласно член 391-б од Законот за трговските друштва, во прилог објавуваме Извештај за прашања од акционерите и генерални информации за начинот на организација на седницата. На крајот од документот прикажани се табеларно и резултатите од гласањето по секоја точка.

- 57-та седница на Собранието на акционери беше организирана следејќи ги сите важечки закони и интерни политики на Банката. Сите одлуки кои се законски обврзувачки да бидат донесени на редовното Годишно Собрание на акционери беа разгледани и усвоени со доволно мнозинство.

- На седницата присуствуваа и беа претставени акционери кои претставуваат 16,587,688 обични акции, односно 95% од вкупниот број на акции со право на глас; и 28,278 приоритетни акции, односно 12,4% од вкупниот број на приоритетни акции. Покрај акционерите, Претседавачот, Нотарот и Бројачот на гласови, на седницата присуствуваа и членовите на Управниот одбор. Од точка 8 еден акционер ја напушти седницата со што се рефлектира во бројот на гласови прикажан во табелата подоле.

- По барање на акционер – имател на приоритетни акции, Надзорниот одбор подготви Мислење и Образложение во врска со начинот на утврдување на дивидендата на приоритетните акции (достапно во документацијата објавена на веб-страницата на Банката).

- Во однос на предлозите поднесени од акционер(и) сопственици на приоритетните акции (точка 3 од Дневниот ред):
  - Предлог- одлука за распределба на добивката на Банката за 2025 година и нераспределената добивка од претходните години, во кој ќе се предвиди износ којшто би се распределил за плаќање на дивиденда и кој ќе биде сразмерно поделен помеѓу имателите на акции;
  - Предлог – одлука за измена и дополнување на Статутот на Стопанска банка АД – Скопје, поврзано со правата на приоритетните акции;

сопствениците на обични акции гласаа и ги одбија предлозите со доволно мнозинство, додека пак беше утврдено дека не е постигнат кворум од пријавени и претставени акционери сопственици на приоритетни акции. Поради ова, **се утврди дека НЕМА кворум за разгледување и одлучување по точка 3 од Дневниот ред на 57-та седница на Собранието на акционери на Стопанска банка АД - Скопје.**

Во продолжение ги прикажуваме покренатите прашања на седницата од страна на акционерите и одговорите од службите на Банката:

**Прашање бр.1***: Дали новиот Генерален извршен директор е запознает со случајот на приоритетните акции, дали смета дека Статутот на Банката е усогласен со Законот за трговските друштва, со тоа што правата не се внесени од акциите во актот, и дали се согласува дека гарантираната дивиденда на приоритетните акции се утврдува моментално согласно закон?*

Генералниот извршен директор е целосно информиран за сите важни прашања за Банката, вклучително и за прашањата поврзани со приоритетните акции.

Банката континуирано ги следи сите аспекти поврзани со приоритетните акции, вклучително и важечката законска рамка, регулаторните насоки и акти, Статутот на Банката, како и одлуките за издавање на приоритетните акции. Во оваа насока, правата на приоритетните акции се утврдени согласно одлуките за издавање како важечки корпоративни акти усвоени од страна на Собранието на акционери, преку кои се утврдуваат обврските на Банката кон нејзините акционери. Како што е познато, Банката доследно ги применува наведените акти, а нејзиното законито постапување е потврдено и од страна на надлежните судски инстанци во постапките поведени од иматели на приоритетни акции токму за овие прашања.

Важечкиот начин на пресметка на дивидендата за приоритетните акции може да се измени исклучиво со формално-правна измена на релевантните одлуки за издавање на акциите, измена на Статутот и со одлука на Собранието на акционери, со согласност од сопствениците од двете класи на акции.

До донесување на ваква одлука за измена која ќе се однесува на гарантираната (фиксна) дивиденда на приоритетните акции, на начин и во постапка утврдена согласно закон, Банката е обврзана доследно да ги применува и почитува важечките одлуки за издавање на акциите.

SB Restricted

**Прашање бр.2***: Поради кои причини, односно зошто е извршена рекласификација на приоритетните акции од капитал во „останати обврски“. Да се наведе според која точка/стандард ви МСФИ се оправдува третманот на приоритетните акции како обврска.*

Банката го смета прашањето одговорено со тоа што Надзорниот одбор на Банката има доставено одговор на истото прашање до имател на приоритетни акции. Одговорот е прилог на Записникот од седницата на Собранието на акционери кој е достапен на веб-страницата на Стопанска банка (страна 32, достапен тука).

**Прашање бр.3:** *Колку емисии на приоритетни акции има издадено Банката? Зошто во образложенијата на одлуките за начинот на пресметка на дивидендата на приоритетните акции не се споменува третата емисија?*

Банката има издадено приоритетни акции преку емисија на акции согласно следниве донесени одлуки за кои Банката има стекнато одобрение од надлежната Комисија за хартии од вредност:

- Одлука за издавање на акции од втората емисија на Стопанска банка АД Скопје (Собр. Бр. 32 од 20.6.1991 година, пречистен текст)
- Одлука за издавање на акции од трета емисија на Стопанска банка АД Скопје (УО. Бр. 398 од 28.4.1993 година), и
- Одлука за издавање на акции од четврта емисија на Стопанска банка АД Скопје (Собр. Бр. 102 од 30.5.1996 година).

Начинот на пресметка на дивидендата на приоритетните акции во првата цитирана одлука се утврдува во висина на каматната стапка што се применува на денарски депозити (штедните влогови) на население орочени на 1 (една) година, зголемена за 1 процентен поен, а во последователните премијата се определува како „соодветен процентен поен кој се утврдува со Одлуката за каматни стапки на СБ донесена од Комисијата за управување со активата и пасивата на СБ.“. Начинот на пресметка на дивидендата на приоритетните акции во третата и четврата емисија е идентичен.

**Прашање бр.4:** *Зошто е одбиено барањето на еден од имателите на приоритетни акции Надзорниот одбор да го измени и дополни мислењето кон Годишниот извештај за работењето на Стопанска банка АД Скопје во 2025 година во однос на финансискиот третман на приоритетните акции?*

Образложението за ставот на Надзорниот одбор доставен до еден од имателите на приоритетните акции е прилог на Записникот од седницата на Собранието на акционери, достапен на веб-страницата на Стопанска банка (страна 32-33, достапен тука).

**Прашање бр.5:** *Како се определува дивидендата на приоритетните акции односно зошто премијата е определена на 1 процентен поен?*

Надзорниот одбор на Банката подготви посебно Мислење и образложение токму за ова прашање кое беше доставено до акционерите и е достапно до јавноста на веб-страницата на Стопанска банка (видете тука).

***Прашање бр. 6:*** *Колку останува нераспределена добивка која е спремна за поделба на дивиденда во иднина, која не е надвор од регулаторните барања?*

Заклучно со април 2026 година нераспределената добивка на Банката изнесува 13,9 милиони евра, што го вклучува износот од остатокот на нераспоредената добивка од минати години во износ од 302 илјади евра и месечните добивки од 2026 година во вкупен износ од 13,6 милиони евра.

Дополнително, Банката секоја година со одлуки за Собранието на акционери алоцира износ за реинвестирање во материјални и нематеријални средства поврзани со редовното работење, поврзани со искористување на даночни бенефиции, кои е потребно да се чуваат најмалку 5 години во капиталот на Банката, а по истек на тој рок истите може да се предмет на слободна распределба, и износот на оваа категорија изнесува 30,9 милиони евра.

**Сета дискусија од 57-та седница на Собранието на акционери е содржана во Записникот од седницата, објавен на веб-страницата на Банката.*

СТОПАНСКА БАНКА АД - СКОПЈЕ
членка на NBG групацијата
На ваша страна

***Извештај од резултатите на гласањето на 57-та седница на Собранието на акционери***

| # | Назив на точка од Дневен ред | Усвоена / Неусвоена одлука | Гласови ЗА | Гласови ПРОТИВ | ВОЗДРЖАНИ гласови |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Избор на Претседавач, Нотар и Бројач на гласови | √ | 16,554,325 | 0 | 33,363 |
| 2 | Разгледување на Записникот од 56-та седница на Собранието на акционери одржана на 27 април 2026 година | Н/А | - | - | - |
| 3.1 | Предлог за распределба на добивката на Банката за 2025 од имател(и) на приоритетни акции | Гласан против од сопствениците на обични акции; Не е постигнат кворум од сопствениците на приоритетни акции | 22,249 | 16,524,591 | 40,848 |
| 3.2 | Предлог за измена и дополнување на Статутот на Стопанска банка АД – Скопје, поврзано со правата на приоритетните акции поднесен од имател на приоритетни акции | Гласан против од сопствениците на обични акции; Не е постигнат кворум од сопствениците на приоритетни акции | 29,334 | 16,524,519 | 33,763 |
| 4 | Донесување на Одлука за измена и дополнување на Статутот на Стопанска банка АД – Скопје | √ | 16,543,815 | 0 | 43,873 |
| 5 | Донесување на Одлука за именување на член на Надзорен одбор | √ | 16,542,657 | 898 | 44,133 |
| 6 | Донесување на Одлука за усвојување на Годишната сметка и Финансиските извештаи на Стопанска банка АД - Скопје за 2025 година | √ | 16,543,815 | 0 | 43,873 |
| 7 | Донесување на Одлука за усвојување на Консолидирана Годишната сметка и Финансиските извештаи на Стопанска банка АД - Скопје за 2025 година | √ | 16,543,815 | 0 | 43,873 |
| 8 | Разгледување и усвојување на ревидираните Финансиски Извештаи на Стопанска банка АД - Скопје за 2025 година со писмено мислење од Надзорниот одбор | √ | 16,543,815 | 0 | 39,013 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 9 | Разгледување и усвојување на ревидирани Консолидирани Финансиски Извештаи на Стопанска банка АД - Скопје за 2025 година со писмено мислење од Надзорниот одбор | √ | 16,543,815 | 0 | 39,013 |
| 10 | Разгледување и усвојување на Годишниот извештај за работењето на Стопанска банка АД - Скопје во 2025 година со писмено мислење од Надзорниот одбор | √ | 16,543,815 | 0 | 39,013 |
| 11 | Донесување Одлука за распоредување на добивката за 2025 година | √ | 16,537,437 | 0 | 45,391 |
| 12 | Донесување на Одлука за пренамена на задржаната добивка за инвестирање во добивка расположива за распределба на акционерите | √ | 16,543,815 | 0 | 39,013 |
| 13 | Донесување на Одлука за начинот на пресметување и исплата на дивиденда на имателите на приоритетни акции за 2025 година | √ | 16,543,815 | 0 | 39,013 |
| 14 | Донесување Одлука за начинот на пресметување и исплата на дивиденда на имателите на обични акции | √ | 16,543,815 | 0 | 39,013 |
| 15 | Разгледување и усвојување на Годишниот извештај за работењето на Надзорниот одбор за 2025 година | √ | 16,542,657 | 0 | 40,171 |
| 16 | Одлука за поединечно одобрување на работата на членовите на Надзорниот одбор и членовите на Управниот одбор за 2025 година | √ | 16,542,877 | 0 | 39,951 |
| 17 | Донесување Одлука за назначување на овластено друштво за ревизија за 2026 година | √ | 16,541,002 | 220 | 41,606 |
| 18 | Донесување Одлука за одобрување на Правилникот за работа на Собранието на акционери | √ | 16,531,179 | 0 | 51,649 |

***17.460.180** - вкупен број на обични акции на СБ; **227.444** - вкупен број на приоритетни акции на СБ*
***16.587.688** - вкупен број на обични акции присутни и претставени на седницата; **28.278**- вкупен број на приоритетни акции присутни и претставени на седницата*